Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 16/0306
29.01 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12 јануари 2024 година, врз основа на примена жалба од Ирена Коцарева, го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

**Текстот со наслов „*Вработена на кардиохирургија: животот ми е уништен по мобингот од д-р Јовев*“, објавен од порталот Нетпрес.мк на 21.11.2023 година, отстапува од професионалните и етички стандарди утврдени во членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) на 20 декември 2023 година, лицето Ирена Коцарева поднесе жалба за текстот со наслов ***„Вработена на кардиохирургија: животот ми е уништен по мобингот од д-р Јовев“***, објавен од порталот Нетпрес на 21.11.2023 година.

Во жалбата се наведува дека во оспорената содржина има елементи на прекршување на Кодексот на новинарите по основ на неточно и нефер известување, незастапена втора страна и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот Нетпрес и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

До денот на одржување на седницата на Комисијата, Нетпрес не достави одговор.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и <u>едногласно</u> одлучи дека во текстот е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

> Член 1: *Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно*.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 12 јануари 2024 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителката и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата едногласно одлучи дека дека во објавата е прекршен член  1 од Кодексот на новинарите на Македонија, поради следните причини:

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk    info@semm.mk    (02) 3222-595

Текстот објавен на 21 ноември 2023 година не претставува автентичен новинарски прилог на Нетпрес поврзан со нов и актуелен настан, туку го пренесува текстот што за истата тема претходно го објавил порталот 4NEWS.mk. И изворниот и пренесениот текст се потпираат на изјави дадени од медицинската сестра Стојкоска која работела на Клиниката за кардиохирургија, а поврзани со мобинг што таа порано го доживувала од веќе разрешениот директор на оваа клиника. Притоа, во текстот се цитира стара изјава на Министерот за здравство во која тој во јавноста го објаснува разрешувањето на директорот Јовев . Медиумот упатува и на видео-снимка објавена на почетокот на октомври, на која наводно д-р Јовев вербално ги напаѓа колегите од кардиохирурхија.

Темата што се третира во текстот е несомнено од јавен интерес и, доколку е соодветно обработена од медиумот, може да придонесе жртвите на мобинг да се охрабрат да зборуваат за состојбите и во јавноста да се зголеми свеста за  негативните последици од оваа појава. Меѓутоа, како што Комисијата констатираше, во претходно даденото мислење за објавениот текст на 4NEWS.mk, така и во прилогот на Нетпрес, медиумот воопшто не се потрудил самостојно и професионално да ги провери сите изнесени наводи и аспекти за случајот со мобинг на Клиниката за кардиохирургија. Имено, за да биде информирањето за овој случај сеопфатно и актуелно медиумот морал да побара изјава и да му даде можност и на поранешниот директор на Клиниката - д-р Сашко Јовев,  да одговори на конкретните обвинувања од медицинската сестра Стојкоска.

Покрај тоа што констатира прекршување на Член 1 од Кодексот на новинарите на Макеоднија, Комисијата потсетува и на следните обврски од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите:

1.1. Онлајн медиумите ќе известуваат само врз основа на факти чие потекло му е познато на новинарот, повикувајќи се на различни извори на информации и, по правило, потпирајќи се на јасно идентификувани и веродостојни извори.

2.1. Онлајн медиумите, при известувањето секогаш ќе настојуваат да ги сослушаат и претставаат сите спротивставени страни.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **едногласно** одлучи како што е погоре образложено. Двајца членови на Комисијата се изземаа од гласањето за оваа жалба.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во расправата за оваа точка учествуваа следните членови на Комисијата: Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Димитар Мицев, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски